Повик за предлог проекти во рамки на проектот

**„Од несвесни за различностите до трансформативни локални заедници кои ја препознаваат различноста и инклузивната еднаквост“**

Објавен на 24.02.2025.

**УПАТСТВО ЗА АПЛИКАНТИ**

Краен рок за поднесување на предлог проекти: **24.03.2025, 16:00 часот**.

Проектот е спроведуван од Национален совет за родова рамноправност (како Водечки партнер), Полио плус – Движење против хендикеп и Асоцијација за демократски иницијативи - АДИ (партнери). Проектот е финансиран од Европската Унија.

## СОДРЖИНА

1. ОПИС НА ПРОЕКТОТ ..... 3

2. ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТОВИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ..... 4

2.1 Цел на повикот ..... 4

2.2 Содржина на предложените акции ..... 4

2.3 Времетраење на проектите ..... 5

2.4 Видливост на проектите ..... 5

2.5 Критериуми за учество во повикот ..... 5

2.6 Подобност на трошоци ..... 6

2.6.1 Прифатливи трошоци ..... 6

2.6.2 Неприфатливи трошоци ..... 7

2.7 Информативна сесија ..... 7

2.8 Критериуми за оценување и избор ..... 8

3. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИТЕ ..... 8

3.1 Начин на поднесување на апликациите ..... 9

3.3 Дополнителни појаснувања ..... 9

# 1. ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот „Од несвесни за различностите до трансформативни локални заедници кој ја препознаваат различноста и инклузивната еднаквост", го спроведува Националниот совет за родова рамноправност во партнерство со Полио плус – Движење против хендикеп и Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ). Проектот се реализира со финансиска поддршка од Европската Унија и се наоѓа третата година од спроведувањето.

Преку 3 (три) конкретни цели, проектот им овозможува на граѓанските организации активно да учествуваат во процесот на консултации на локално ниво за креирање политики и буџет, координација со национални и локални засегнати страни, како и воспоставување канали за комуникација со постојните формални структури (како што е Советот за соработка на Владата со ГО и секторските работни групи), поврзани со придонес на граѓанските организации во процесот на преговори со ЕУ.

1. Проектот обезбеди меѓусекторска родова проценка на локални политики за еднаквост, годишни програми и буџети кои се спроведуваат со развивање на унифицирани алатки за мониторинг за мерење на посветеноста на локалните власти за подобрување на политиките за еднаквост на локално ниво.

2. Преку проектот се работи на јакнење на капацитетите на локалните граѓански организации, преку вмрежување да се зајакне дијалогот за секторските политики, правда, образование, вработување и социјална политика, овозможувајќи им да ја следат отчетноста на локалната самоуправа.

3. Развивање на структурни секторски локални механизми за консултации на локално ниво, преку случаи со употреба на докази, застапување, односно овозможување учество во креирањето политики на локалните граѓански организации.

Со проектот е предвидено да се спроведе регрантирање на средства за акции спроведени од локални граѓански организации. Финансиската поддршка ќе биде обезбедена за локални/ граѓански организации, кои работат во областа на човекови права и родова еднаквост. Преку оваа активност ќе се зајакнат капацитетите на граѓанските организации, овозможувајќи им да учествуваат во постоечките формални механизми за консултации со Владата, локалната самоуправа, поврзани со родовите прашања, креирање политики и преку процес на пристапување и интерграција на земјава во ЕУ.

# 2. ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТОВИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Националниот совет за родова рамноправност, Полио плус – Движење против хендикеп и Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) објавуваат повик за доделување на грантови на граѓански организации (ГО). Грантовите се доделуваат за акции во рамки на грантовата шема на проектот **„Од несвесни за различностите до трансформативни локални заедници кои ја препознаваат различноста и инклузивната еднаквост“**.

Вкупниот износ на планираната финансиска поддршка во рамките на овој проект е 56,100 евра, 3300 евра за една граѓанска организација насочена кон една од најмалку 17 избрани општини: Скопски регион (Карпош), Источен регион (Штип и Пехчево), Североисточен регион (Крива Паланка, Липково, Старо Нагоричане), Југо-источен регион (Конче и Струмица), Пелагонија (Битола, Могила), Вардарски регион (Градско, Росоман, Кавадарци), Југозападен регион (Струга и Вевчани), Полошки регион (Гостивар и Врапчиште).

## 2.1 Цел на повикот

Целта на овој повик е да се обезбеди поддршка на 17 граѓански организации и најмалку една од 17 избрани општини: Скопски регион (Карпош), Источен регион (Штип и Пехчево), Североисточен регион (Крива Паланка, Липково, Старо Нагоричане), Југо-источен регион (Конче и Струмица), Пелагонија (Битола, Могила), Вардарски регион (Градско, Росоман, Кавадарци), Југозападен регион (Струга и Вевчани), Полошки регион (Гостивар и Врапчиште).

Грантовите ќе се доделуваат на ГО кои остваруваат активности базирани на права, работат на родова еднаквост, со фокус на развивање интерсекциска родова проценка на локални политики за еднаквост, преку градење капацитети засновани на правото за следење на отчетноста на локалната самоуправа и развивање на структурирани секторски локални механизми за консултации на локално ниво.

***Граѓанските организации треба да се регистирани или да спроведуваат активности најмалку во една од следните проектни општини***: Скопски регион (Карпош), Источен регион (Штип и Пехчево), Североисточен регион (Крива Паланка, Липково, Старо Нагоричане), Југо-источен регион (Конче и Струмица), Пелагонија (Битола, Могила), Вардарски регион (Градско, Росоман, Кавадарци), Југозападен регион (Струга и Вевчани), Полошки регион (Гостивар и Врапчиште).

## 2.2 Содржина на предложените акции

Од заинтересираните ГО се очекува да поднесат проектни апликации во кои ќе ги образложат своите акции базирани на право и кои работат на родова еднаквост. Листата на активности кои ќе бидат поддржани е следна, но не и ограничувачка:

- Подобро препознавање, разбирање и поддршка на концептот на родовата еднаквост во општеството како целина и во рамки на локалните заедници;
- Интерсекциска родова анализа на една (или повеќе меѓусебно поврзани) годишни програми и буџетски распределби;

- Надминати бариери и подобрени услуги во некоја од областите поврзани со вработувањето, образованието и социјалната политика кои се посебно наменети за жените и девојките;
- Акции за застапување и/или кампањски активности за конкретни мерки во годишните програми и буџети, итн.

Предложените акции треба да се во насока на **тематските области на Повикот:**

**ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ**

Развој на поволна средина за унапредување на капацитетите на граѓанските организации засновани на правото, за следење на отчетноста на локалната самоуправа и развивање на структурирани секторски локални механизми за консултации на локално ниво.

**ПРОМОЦИЈА**

Овој проект преку промоција треба да обедини жени и мажи со различно етичко потекло и со или без попречености да разговараат за заеднички прашања со цел да придонесат за градење на покохезивно општество.

**ПРЕПОЗНАВАЊЕ**

Родова проценка на локалните документи и буџети, отвореноста на локалните власти и нивната посветеност и интерес за учество во активностите, како и сложеноста на методолошките алатки развиени во рамките на проектот.

## 2.3 Времетраење на проектите

Периодот за имплементацијата на грантовите доделени во рамки на овој повик е минимум 3 до максимум 6 месеци. Периодот на имплементацијата ќе биде прецизно дефиниран во договорот за грант.

## 2.4 Видливост на проектите

Апликантите мора да го преземат сите неопходни чекори за обезбедување на проектна видливост. Детални насоки за видливост ќе бидат споделени со грантистите по потпишување на договорот.

## 2.5 Критериуми за учество во повикот

Организациите кои сакаат да учествуваат на повикот мораат да ги исполнуваат следниве критериуми:

Да се регистрирани  и да дејствуваат според  Законот за здруженија и фондации на Република Северна Македонија;

Да се основани и да функционираат најмалку една година пред датумот на објавување на овој повик.

Активностите во предлог проектот да се реализираат најмалку во една од проектните општини Скопски регион (Карпош), Источен регион (Штип и Пехчево), Североисточен регион (Крива Паланка, Липково, Старо Нагоричане), Југо-источен регион (Конче и Струмица), Пелагонија

(Битола, Могила), Вардарски регион (Градско, Росоман, Кавадарци), Југозападен регион (Струга и Вевчани), Полошки регион (Гостивар и Врапчиште).

Да се обезбеди писмо за партнерство/поддршка од целната општина/и.

На повикот не можат да бидат предложени акции кои се спроведуваат во рамките на тековни проекти на организациите финансирани од други донатори.

На повикот не е дозволено учество на политички партии, профитни организации и граѓански организации кои промовираат и користат насилство.

Не е неопходно кофинансирање од страна на апликантот. Преку овој повик ќе се доделат 56.100 евра, 3300 евра за една граѓанска организација насочена кон најмалку една од 17 избрани општини.

Точниот износ на поединечниот грант ќе се утврди врз основа на проценката на предложениот буџет во однос на неговара ефикасност и поврзаност со предложените активности. Националниот совет за родова рамноправност во партнерство го задржува правото да не ги додели сите расположливи средства според овој повик.

## 2.6 Подобност на трошоци

Трошоците кои се подобни во рамките на овој повик се трошоци кои:

- Се направени од страна на корисникот на грантот во текот на проектот и поврзани со активностите планирани во рамки на договорот за грант;
- Се наведени во проценетиот вкупен буџет на проектот приложен кон договорот за грант;
- Се неопходни за спроведување на проектот кој е предмет на договорот за грант;
- Може да се утврдат и потврдат, како и да се евидентирани во сметковоството на корисникот и утврдени согласно важечките сметководствени стандарди во државата во која е основан корисникот (корисниците), и во согласност со вообичаената пракса за сметководствена евиденција на трошоците на корисникот;
- Се во согласност со барањата на соодветно даночно и социјално законодавство; и
- Се разумни, оправдани и во согласност со принципот за добро финансиско управување, особено во однос на економичност и ефикасност.

### 2.6.1 Прифатливи трошоци

Грантот ќе се поктие само прифатливи трошоци. Прифатливи се оние трошоци кои се директно поврзани со предложените проектни активности:

- Трошоци за човечки ресурси – бруто-плата / хонорари за персоналот вклучен во реализирањето на предлог-проектите. Се препорачува вкупниот износ во оваа категорја да не надминува повеќе од 30% од вкупниот износ на грантот.
- Патувања – патни трошоци поврзани со активностите во проектот.
- Административни трошоци – кирија, комуникациски трошоци, канцелариски трошоци итн.).

- Директни трошоци настанати за време на фазата на спроведување на предложените активности (вклучително и трошоци за надворешни / експерти од кои ќе се побара стручна поддршка, трошоци за видливост).

### 2.6.2 Неприфатливи трошоци

- Набавка на опрема;
- Трошоци за ДДВ;
- Долгови и давачки за сервисирање на долгот (камати);
- Резерви за загуби или потенцијални идни обврски;
- Трошоци пријавени од страна на грантистот/ите, а финансирани од друг проект или програма за работа кои добиваат грант од Европската Унија (вклучително и преку EDF) или се веќе финансирани од други донатори;
- Набавка или реновирање недвижнини;
- Набавка на возила или мебел;
- Загуби од курсни разлики;
- Кредити за трети лица;
- Трошоци за плати за лица кои работат во државните администрации;
- Трошоци за финансирање политички партии и избори;
- Трошоци за активности надвор од земјата (студиски посети, итн.);
- Трошоци за организирање на настан на пример конференција, ако конференцијата е единствена активност во проектот.

**<u>Апликацијата да грант се состои од:</u>**

1. Образецот за пријавување (Прилог 1).
2. Образец за предлог-буџет (Прилог 2). Буџетот треба да биде испланиран во рамките на трошоците дозволени во буџетскиот образец.
3. Писмо за партнерство/поддршка од општина/и.

**<u>Во прилог на пријавата задолжително се доставуваат и:</u>**

4. Тековна состојба од Централен регистар за апликантот не постара од шест месеци.

5. Кратки биографии на клучниот персонал кој ќе биде вклучен во реализацијата на проектот.

**Обрасците треба да бидат пополнети електронски. Рачно пишувани апликации нема да бидат земени предвид.**

## 2.7 Информативна сесија

За заинтересираните кандидати ќе организира информативна сесија на која ќе бидат претставени целите на проектот ***„Од несвесни за различностите до трансформативни локални заедници кои ја препознаваат различноста и инклузивната еднаквост“***, условите за учество во грантовата шема, процесот на селекција, како и метологијата за спроведување на

добиените грантови. Информативната сесија ќе се одржи на **12.03.2025** на платформата ЗУМ со почеток во **11 часот. Доколку сте заинтересирани за информативната сесија пријавете се на емаил адресите** linda@adi.org.mk, teazografska@gmail.com **со Subject: Пријава за инфо сесија.**

Воедно, *со цел подобро развивање на проектните идеи*, проектниот тим ги охрабрува потенцијалните апликанти да ги разгелдаат следните *документи* развиени во текот на имплементацијата на активностите, достепни на веб-страната на НСРР во делот публикации (линк: https://nsrr.org.mk/):

- Анализа за интерсекциски родов пристап
- Водич за интерсекциски родов пристап

## 2.8 Критериуми за оценување и избор

Предложените активности треба да бидат во согласност со овој повик. Предлозите ќе се оценуваат од страна на **Комисија за евалуација** која ќе биде формирана за целите на оваа активност. Селекцијата на ГО ќе се врши врз основа на однапред воспоставени критериуми за избор кои се дел од овој повик.

Изборот на граѓанските организации на кои ќе им биде доделен грант ќе се одвива во две фази и тоа:

**1. Оценување на апликациите според основните административни барања**

- Образецот е соодветно пополнет и со придружната документација е доставен во рок и на начин предвиден со Повикот;
- Временска рамка и висината на буџетот соодветствуваат со барањата од Повикот;
- Организацијата ги исполнува условите за аплицирање на повикот.

Предност за финансирање ќе им се даде на предлог проектите кои се однесуваат на активности базирани на право, кои работат на родова еднаквост, со фокус на развивање интерсекциска родова проценка на локални политики за еднаквост и преку градење капацитети засновани на правото за следење на отчетноста на локалната самоуправа и развивање на структурирани секторски локални механизми за консултации на локално ниво.

# 3. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИТЕ

Предлог проектите ќе се оценуваат согласно следнава табела за бодување:

| Критериуми | Опис | Бодови |
|---|---|---|
| Предлог проект | Акцијата има креативен и рационален технички пристап кој придонесува кон остварување на целите и приоритетите на повикот, таа придонесува кон општата цел на проектот да ги поттикне граѓански организации да учествуваат во буџетите и политиките со што | 50 |

| | | |
|---|---|---|
| | придонесуваат за еднаквост во рамките на нивните заедници и создавајќи инклузивно општество. | |
| Предлог буџет | Вредност на пари, број на активности, ефективна временска рамка. | 30 |
| Капацитет на ГО | Досегашни достигнувања и влијание во заедницата преку постигнување на промени согледани преку реализирани проекти. | 20 |
| **Вкупно** | | **100** |

## 3.1 Начин на поднесување на апликациите

Целосната апликација (Образецот на пријавување (Прилог 1), Образец за предлог-буџет (Прилог 2), тековна состојба од Централен регистар за апликантот не постара од шест месеци од денот на објавување на повикот, Писмо за поддршка/партнерство од општината/и, кратки биографии на клучниот персонал кој ќе биде вклучен во реализацијата на проектот) треба да биде поднесена од една организација – **Носителот на проектот** – со која ќе биде потпишан договор за грант доколку предложената акција е избрана за финансирање.

Образецот и останатите документи кои се дел од пријава треба да бидат испратени на две е-мејл адреси: **sozm@t.mk**; **adi@adi.org.mk** на ***24.03.2025 не подоцна од 16:00 часот.*** Сите апликации кои ќе пристигнат по истекувањето на рокот за пријавување нема да бидат земени во предвид за разгледување.

Националниот совет за родова рамноправност го задржува правото да побара дополнителни информации за предлозите или за подносителите на апликациите коишто сметаат дека се потребни за оценувањето.

## 3.2 Дополнителни појаснувања

Грантот ќе се додели во денарска противвредност на банкарска сметка на организацијата-носител. Предложениот буџет не смее да го надмине максималниот износ.

Организацијата-Носител ќе биде единствено одговорна за реализацијата на активностите и плаќањата согласно буџетот на акцијата.

Сите организации кои се пријавиле ќе бидат писмено известени за резултатите од Повикот.

Доколку имате дополнителни прашања или потреба од појаснувања, Ве молиме да се обратите писмено до грант менаџерката и проектната менаџерка на следните мејл адреси sozm@t.mk, teazografska@gmail.com. Сите прашања и одговори ќе бидат јавно објавени на веб страните на спроведувачите на проектот. (https://nsrr.org.mk/)

**Крајниот рок за поднесување на пријавите е 24.03.2025, 16:00 часот.**